

# Куклен театар на сенки – Зошто не сме сите исти?

НАСТАВНИК РЕАЛИЗАТОР: ВЕСНА ГАГАЛОВСКА, ОУ „ТОДОР АНГЕЛЕВСКИ“ – БИТОЛА

**Воннаставна заедничка активност**
Медиумска култура (28 ученици од мак. јаз.)

**Преглед на активноста**
Група ученици работат на подготовка на театарска претстава според драмскиот текст „Зошто не сме сите исти?“ напишан од наставничката. На почетокот учениците се запознаваат со содржината на текстот и прават анализа на ликовите и нивните карактеристики. Се прави поделба на ликовите и им се обрнува посебно внимание на ликовите што имаат текст на албански, турски и ромски јазик. Учениците се вклучуваат во работилница за изработка на кукли за ликовите, апликации за уредување на сцената и дискутираат за карактеристиките на облеката, изгледот, говорот на ликовите од различните етнички заедници. Потоа учествуваат во работилница во која бараат идејно решение за изгледот на рекламниот материјал – плакат и покани за претставата. За добивање поголем ефект на претставата, учениците ја вклучуваат песната Сите сме исти во позадина додека ликовите зборуваат, а за крај на претставата се подготвува ритмичка точка со изведба на македонско оро, ромски и турски чочек, со народни носии. По долготрајните подготовки и проби, учениците актери ја изведуваат премиерно претставата пред родителите и другите гости. Со учеството во оваа активност, учениците научија за богатството на разликите што постојат меѓу луѓето во поглед на изгледот, облеката, храната, интересите, како и во поглед на јазикот, религиите, празнувањата.





Through Innovation to a Better Integration
Festival of Innovative Practices
for Interethnic Integration in Education